за објава

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA PËR FILM
E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 01-1074/2
11.07.2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 13 став (1) точка 2 и член 20 став (2) точка 5 од Статутот на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија бр.07-98/1 од 06.02.2014 година, изменет и дополнет со Статутарна одлука бр.01-475/2 од 29.01.2015 година, Управниот одбор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија на седница одржана на 07.07.2023 година, го донесе следниот:

**Д Е Л О В Н И К**
**за работа на финансиските советници**
**на Агенција за филм на Република Северна Македонија**

**Предмет на деловникот**

Член 1

Со овој деловник се уредува начинот на работењето на финансиските советници на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, а особено: начинот и постапката за оцена на финансиските и оперативните планови и буџетите на проектите пријавени по Конкурсот од член 25 од Законот за филмска дејност (во натамошниот текст: „Законот“), правење анализа, бодување давање на предлози; правата и должностите на финансиските советници.

Член 2

(1) Деловникот за работа на финансиските советници на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: „Деловникот“), се донесува на редовна седница на Управниот одбор, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Управниот одбор.
(2) Одредбите на овој деловник се задолжителни за сите финансиски советници како и за сите лица кои учествуваат во нивната работа.
(3) За правилната примена на Деловникот се грижи директорот на Агенцијата.

**Именување и надлежности на финансиските советници**

Член 3

(1) Директорот на Агенцијата именува финансиски советници за оцена на финансиските и оперативните планови и буџетите на проектите пријавени по Конкурс, со посебно решение за секој Конкурс. Бројот на финансиските советници зависи од бројот на пријавени проекти во тековната година, и истот може да се зголемува или намалува. За финансиски советник може да биде именувано лице од редот на истакнати филмски продуценти, врз принципот на стручност и компетентност и принципот на соодветна и правична застапеност за време од една година со можност повторно да биде именувано.
(2) Надоместокот за работата на финансиските советници го определува директорот на Агенцијата во договор.
(3) Финансиските советници ги вршат следниве работи:
- анализа и проверка на финансиските и оперативните планови и буџетите на проектите пријавени по Конкурс, ја утврдуваат објективната усогласеност на финансискиот план и оперативниот план со сценариото на проектот, даваат предлог до Советот за износот на средства кои од Агенцијата треба да се доделат за финансирање на проектите доставени на Конкурс.

Член 4

(1) Финансиските советници имаат за цел да ја утврдат изводливоста на филмскиот проект во однос на буџетот, сложеноста, планот и термините за снимање преку мерилата дефинирани во член 9 од Правилникот за поблиските критериуми и мерила на филмските проекти, поблиску уредени во посебни евалуациони листи кои се дел од Правилникот за поддршка на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм бр. 01-217/1 од 30.01.2023 година.

(2) Оценката од направена евалуација е изразена во Евалуационен лист, согласно кој се врши проверка и евалуација на финансискиот план (преку деталниот приказ на планирани средства за реализација на филмскиот проект и износи на средства кои се бараат од Буџетот на Република Северна Македонија и од други извори на финансирање, се врши анализа колку од средствата кои ги бараат од Буџетот се реални и дали со нив може да се реализира пријавеното сценарио, дали продуцентот може да обезбеди средства од други извори, дали за веќе потврдените средства ја доставил потребната документација, дали Агеницијата има доволно средства за да го подржи проектот, дали истиот е од посебен национален интерес за земјата и сл.); - оперативен план (со деталниот приказ на планот за снимање, времетраење на снимањето, локациите и сл., проектот добива оценка зависно од сложеноста на сценографијата, изборот на локацијата, колку снимачки денови ќе реализира во земјата и надвор и сл.) - вкупен буџет на филмскиот проект согласно финансискиот и оперативниот план (се става акцент на тоа дали буџетот и планираните ставки во истиот соодветствуваат со реалните пазарни вредности); - потврда за обезбеден дистрибутер на филмот (се смета за предност), - план за дистрибуција на филмот - план за маркетинг на филмот . Листите ги потпишува финансискиот советник за проектот кој го евалуирал и понатаму истите се заверуваат во Архивата на Агенцијата.

(3) Доколку финансискиот советник утврди дека постои неусогласеност на финансискиот и оперативниот план со сценариото ќе му предаложи на Советот, проектот да се врати на доработка, и во рок од 8 дена да го врати повторно на разгледување до финансискиот советник.

Член 5

(1) Потребната документација (сценарио, буџет, финансиски план, оперативен план и друга документација која ќе биде потребна за работа) ги подготвува и до финансиските советници ги доставува Комисијата за административна селекција. Финансиските советници се должни по нив да постапат во рокови утврдени од директорот на Агенцијата, потесно уредени во Договорот.

(2) Откако ќе завршат со работа, на состанок свикан од директорот на Агенцијата финансиските советници се должни да го достават предлогот за износот на средства кои од Агенцијата треба да се доделат за финансирање на проектите доставени на Конкурс.

(3) Предлогот доставени од страна на финансискиот советник, се заверува во Архивата на Агенцијата и понатаму истиот се доставува на разгледување до Филмскиот совет.

Член 6

Именуваните финансиски советници, се должни својата работа да ја вршат професионално, стручно, објективно и непристасно, кон работата да пристапат со целата своја стручност и да ја завршат во најкраток временски рок.

Член 7

Измените и дополнувањата на овој Деловник ги донесува Управниот одбор, на предлог на директорот на Агенцијата со мнозинство од вкупниот број на членови на Управниот одбор.

Член 8

Овој Деловник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на огласната табла во седиштето на Агенцијата и на веб-страницата на Агенцијата.

**Претседател на Управен одбор**
**на Агенцијата за филм**

Игор Шокаровски